Влада на Република Северна Македонија

# ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВЕЛЕС

**Архивски број:2101-1649/2**

**од јавен карактер**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве информираме за следното:

1. Во текот на 2020. година имавме вкупно 42 пријави за семејно насилство и тоа:

| | Структура по пол | Структура по возраст | Структура по националност |
|---|---|---|---|
| Вкупно 42 пријави | Машки – 7 | 0-18 - 5 | Македонци – 34 |
| | | 18-60 - 30 | Албанци – 2 |
| | Женски - 35 | Над 60 - 7 | Бошњаци – 2 |
| | | | Роми - 4 |
| Поднесени предлози до суд за привремени мерки за заштита – 37<br>Изречени мерки на заштита од страна на судот - 53 | | | |

Во прв и втор квартал 2021. година имавме вкупно 25 пријави за семејно насилство и тоа:

| | Структура по пол | Структура по возраст | Структура по националност |
|---|---|---|---|
| Вкупно 25 пријави | Машки – 3 | 0-18 - / | Македонци – 17 |
| | | 18-60 - 20 | Албанци – 3 |
| | Женски - 22 | Над 60 - 5 | Турци – 1 |
| | | | Роми - 4 |
| Поднесени предлози до суд за привремени мерки за заштита – 29<br>Изречени мерки на заштита од страна на судот - 16 | | | |

Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Велес
ул. „Нада Бутникошарова“ бр. 3 Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www.jumcsrveles.gov.mk

Во рамките на ЈУ МЦСР Велес, во Службата за услуги од социјална заштита функционира Советувалиште за жртви на семејно насилство (во просториите на ЈУ МЦСР Велес ) и Центар за жртви на семејно насилство за пружање услуга привремен престој за жени жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство и нивните деца кој се наоѓа на друга локација. Центарот е раководен од страна на ЈУ МЦСР Велес, услугата е достапна 24/7 и се испорачува од страна на стручни работници од ЈУ МЦСР Велес (социјален работник, педагог, психолог, правник). Услугата за привремен престој обезбедува згрижување кога постои сознание за реална закана по животот и здравјето на жртвата или во отсуство на други ресурси за згрижување, се обезбедува сместување, заштита, психо-социјална помош и поддршка, советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, , вклучување во активните мерки за вработување на жртвата, со цел надминување на состојбата и нивната социјална интеграција и други услуги во зависност од потребите на жртвата согласно со закон. Според Законот за социјална заштита и подзаконските акти, услугата за привремен престој може да трае најмногу три месеци со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината, до една година.

Од отворањето на Центарот до сега, беа згрижени вкупно 13 лица и тоа 7 возрасни и 6 деца (4 машки на возраст од 9-18 години, 2 женски на возраст до 10 години)

Со почит,

По овластување на Директор
Бр. 04-1389/1 од 13.09.2021
Раководител Биљана Домазетова

Република Северна Македонија Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа ВЕЛЕС

Изработил:

Контролирал: